Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-382/5
Датум: 13-06-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 382/1 од 25.04.2024 година, поднесена од [redacted] со живеалиште на адреса на [redacted] Берово за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи против ООУ „Дедо Иљо Малешевски"-Берово, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 31.05.2024 година, го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи од страна на ООУ „ Дедо Иљо Малешевски"-Берово кон [redacted].

**О б р а з л о ж е н и е**

На 25.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 382/1 од страна на подносителката [redacted] за сторена дискриминација врз основ на возраст во областа на работата и работните односи сторена од страна на ООУ „Дедо Иљо Малешевски"-Берово.

Подносителката на претставката наведува дека работела како наставник со навршени 62 години старост во централното ООУ "Дедо Иљо Малешевски"-Берово се до 31.08.2023 година. Потоа добила Решение за прераспределба во ПУ во с. Митрашинци, за кое Решение од директорката на ООУ „Дедо Иљо Малешевски"-Берово била усно известена дека ја испраќаат да работи во село затоа што таа имала притисок од Градоначалникот бидејќи не сакала да замине во пензија. За истото спорно Решение подносителката поднела Приговор до Училишниот одбор на училиштето како второстепен орган.

Училишниот одбор донел Одлука на 6.09.2023 со која ја задолжуваат директорката да ја врати во централното училиште и да го прекине претходното донесено Решение како неосновано. Директорката не постапила по донесената Одлука, па подносителката била приморана да поднесе претставка до Државен инспекторат за труд, по која претставка тие ја задолжиле директорката да ја вратат на работа во Берово. Иако училиштето постапило по задолжението на Државен инспекторат за труд, подносителката на претставка на 13.02.2024 година повторно добила ново Решение за прераспределба во с. Митрашинци. Подносителката смета дека станува збор за нејзино деградирање и вршење мобинг, а се со цел истата да се откаже од работното место и присилно да замине во пензија со повредено достоинство. Во прилог на претставката, подносителката ги доставува сите претходно доставени документи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за произнесување по наводите од претставката до ООУ „ Дедо Иљо Малешевски"-Берово.

На 03.06.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 – 382/3 од ООУ „Дедо Иљо Малешевски"-Берово. Во одговорот не известуваат дека подносителката на претставка е вратена на работа во централното училиште во Берово.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледувањето на претставката, достапните докази и одговорот на претставката, утврди дека не можат да се најдат никакви факти и докази дека е извршена дискриминација во областа на работа и работни односи. За да стане збор за дискриминација потребно е да се исполни условот на споредлива ситуација во која едно лице е ставено во понеповолна положба или третман кој го има или би можело да го има друго лице во исти или слични услови, врз некоја од дискриминаторските основи наведени во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи го предвид горенаведеното Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација кој гласи

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминаццја вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето, дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација од страна на ООУ „Дедо Иљо Малешевски"-Берово, врз основа на возраст во областа на работа и работни односи.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]
- ООУ "Дедо Иљо Малешевски"-Берово
-Архива на КСЗД